# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## Семинар за професорите по историја од средните училишта во СРМ, Охрид, 2—3. IX. 1974 година. — СВЕТОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Во организација на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ и Републичкиот центар за идеолошко политичко образование и студии, на 2 и 3 септември, во Охрид, беше одржан семинар за наставниците по историја од средните училишта во СРМ. На семинарот беа гледани две теми:

1. „Коментар на новата наставна програма по историја за средните училишта" и

2. „Светот по Втората светска војна".

### Цел и задача на семинарот

Од оваа учебна година, во средните училишта во СРМ, во I клас, почна да се применува новата наставна програма по историја. Се постави задача на семинарот, пред почнување на учебната година, на наставниците да им биде објаснета концепцијата и суштината на новата наставна програма по историја, со посебен осврт на наставната програма во I клас во стручните училишта и во I клас во гимназиите. Семинарот имаше посебна задача да објасни и да расветли повеќе содржини од темата „Светот по Првата светска војна". Имено, на Групата за историја на Филозофскиот факултет сè уште не се застапени студии за општествените, политичките и културните процеси во нашата земја и во светот по Втората светска војна. Факт е дека и литературата за таа проблематика е недоволно достапна. Од друга страна, средношколските програми бараат реализирање на тие содржини почнувајќи од минатата учебна година.

Организаторите се определија за такво структуирање на семинарот, коешто ќе овозможи наставниците по историја да ја согледаат сета сложеност и поврзаност на процесите во нашата земја со процесите на пошироката светска констелација.

### Тематика и структура на семинарот

Семинарот ја имаше следнава програма за работа:

Дамјан Лепчески, **Коментар на наставната програма по историја за гимназиите и стручните училишта**; Д-р Воислав Кушевски, **Коментар на наставната програма по историја за I клас гимназија**; Драган Кузмановски, **Коментар на наставната програма по историја за стручните училишта**; Д-р Момир Стојковиќ, **Израснувањето**

**на социјализмот во светски процес;** Д-р Сава Живанов, **Судирот на Југославија со коминформот и неговото значење за развојот на современиот социјализам;** Д-р Бранко Прибичевиќ, **Основните карактеристики на современиот свет, патиштата и можностите за натамошниот развој на социјализмот;** Д-р Момир Стојковиќ, **Општествено-економските и социјалните последици на научно-технолошката револуција во светот;** М-р Стојан Андов, **Современиот развој на меѓународните политички односи — местото и улогата на Југославија, со посебен осврт на односите со земјите во развој.**

Дамјан Лепчески, самостоен педагошки советник во Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето, во својот реферат подвлече дека при реализирањето на наставната програма треба да се има предвид дека е тоа втор концентричен круг и затоа е потребно да се знае да не се врши просто повторување на материјалот, туку негово продлабочување и проширување во зависност од содржината, возраста и предзнаењата на учениците. Програмата предвидува предметот да се учи, преку клучни, карактеристични и специфични моменти од историјата од кои учениците ќе можат да го сфатат развитокот на општеството.

Референтите, Лепчески, Д-р Воислав Кушевски, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје и Драган Кузмановски, професор на средно училиште во Скопје, во своите реферати дадоа објаснување за нормирањето на содржините и потребата од креативност на наставникот. Тие им предложија на наставниците да го имаат предвид значењето на образованието и воспитанието што го има предметот, да се грижат и да настојуваат преку наставата по историја, кај учениците да се развие чувство за патриотизам, братство и единство, солидарност, хуманост, борбеност, одговорност, упорност; да се овозможи подобро разбирање на сегашнината. За да се одговори на тие цели и задачи, истакнаа референтите, наставникот треба многу да учи, многу да сака, да ги сака генерациите со кои работи, да биде ангажиран општествен работник.

Д-р Момир Стојковиќ, професор на Филозофскиот факултет за политички науки во Београд, го објасни марксистичкото становиште за објективното израснување на социјализмот како општествен систем и светски процес. Слушателите имаа можност да се запознаат со сложеноста во дефинирањето на социјализмот како поим, со различните интерпретации на неговата суштина, а пред сè со марксистичкото дефинирање на социјализмот. Референтот даде преглед на процесите на современиот свет и го објасни закономерното израснување на социјализмот во светски процес. Мошне аргументирано, јасно и привлечно говореше тој и го привлече вниманието на присутните.

Д-р Сава Живанов, професор на Факултетот за политички науки во Белград, аргументирано ги образложи корените на судирот на Југославија со Коминформот, покажа дека судирот по својата суштина претставува судир на два спротивни концепта за изградбата на новите социјалистички односи. Тој подвлече дека израснувањето на самоуправниот социјализам во

Југославија е објективен пат што базира врз марксистичкото учење и се потпира на социјалистичката револуција што се изведе во Југославија. Живанов, меѓу другото, нагласи дека самоуправниот социјализам е автентичен пат на изградба на социјализмот во Југославија и затоа дошло до судирот со сталинистичкиот догматизам. Референтот потсети дека судирот со Коминформот, и неговиот крах, има пошироко стратегиско значење не само за Југославија, туку и за работничкото и социјалистичкото движење во светот.

Д-р Бранко Прибиќевиќ, професор на Факултетот за политички науки во Белград, со својот реферат ги анализираше условите во светот и патиштата на натамошниот развој на социјализмот во светот. Тој аргументирано докажуваше дека современиот свет доживува значајни промени во сферата на порастот на производствените сили, на општествените односи, како и во сферата на сè поголема меѓузависност и поврзаност на одделните региони и земји. Тој нагласи дека развојот на материјалните и другите услови на животот во секоја конкретна ситуација е основен предуслов во изградбата на стратегијата на социјалистичките сили во светот, на конкретните патишта во борбата за социјализам. Според излагањето на Прибиќевиќ, различниот степен на општествената, политичката и културната развиеност на одделни земји, условува различни патишта за изградба на социјализмот.

Д-р Момир Стојковиќ, во рефератот **„Општествено-економските последици на научно-технолошката револуција во светот“**, ги истакна реперкусиите што ги носи таа револуција, на материјален, општествен и политички план. Тој рече, дека техничката револуција претставува феномен кој битно ги менува условите на борбата на работничката класа во борбата за ново општество, за слободно определување на народите, за еманципација на луѓето.

М-р Стојан Андов, член на Сојузниот извршен совет, во својот реферат даде осврт на односите на Југославија со земјите во развој, со карактеристиките, суштината и процесите на неврзаната политика на нашата земја. Тој ја образложуваше објективната условеност на појавата на политиката на неврзување и посебно улогата на Југославија во креирањето на таа политика. Другарот Андов подетално ја образлагаше надворешната политика на нашата земја и притоа рече дека неврзаната политика на Југославија е трајна определба на нашата земја со основна цел да помогне во борбата за изградба на нови односи во светот и за прогресивно менување во светот. Слушателите на семинарот посебно ги привлече аргументираното излагање на Андов за односите на Југославија со неврзаните земји на економски и политички план и за перспективата на тие односи.

### Оценка и заклучоци на семинарот

Мошне значајната и интересна тематика на семинарот и еминентните предавачи, што успеаја да ги исполнат задачите на семинарот, придонесоа преку 100 слушатели со внимание да ги слушаат сите предавања. Тие ги осве-

жија своите знаења, ги пополнија празнините по моше актуелни прашања поставени со наставната програма.

На семинарот беа поставени многубројни прашања на кои одговараа референтите и по кои се водеше интересна дискусија.

Оценката на семинарот беше дека во целина успеал. Од присуството на преку 100 семинаристи можеме да бидеме релативно задоволни. Некои наставници не биле известени (затаила управата на училиштата да ги извести), а некои објективно биле спречени да присуствуваат, затоа што биле зафатени во училиштето со распределба на часови и испити на почетокот од учебната година. Меѓутоа, има и примери на потценување работата на семинарот од некои наставници кои не се погрижиле да присуствуваат, со што ја пропуштиле можноста да чујат образложение за клучни прашања од најновата историја. Треба да се знае дека стручното усовршување на наставниците не е доброволна работа!

Од организаторите беше побарано да ги умножат материјалите и да ги достават до слушателите за да им послужат во наставниот процес.

Д. А.

**III Југословенски Симпозиум за наставата по историја. Охрид, 4 и 5. IX. 1974 год.**

## НАУЧНА, ПЕДАГОШКА И ИДЕЈНА КОМПОНЕНТА НА УЧЕБНИКОТ ПО ИСТОРИЈА

Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија и Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, во соработка со републичките заводи за школство, а посебно со Републичкиот завод за образование и воспитание на СРМ, на 4 и 5 септември, во Охрид, го организираа III Југословенски симпозиум за наставата по историја, на тема: **Учебникот по историја од научна, педагошка и идејна компонента** и **Негување на духот на заедништвото на народите и народностите на Југославија.** На симпозиумот присуствуваа преку 300 историчари од Југославија. Работата на Симпозиумот ја следеше и Љупчо Копровски, републички секретар за образование и наука, а го поздрави д-р Бранко Вранешевиќ, претседател на Друштвото на историчарите на СФРЈ.

### Задачи на симпозиумот

Симпозиумот имаше задача да ги анализира учебниците по историја што се употребуваат во нашите училишта, да ја разгледа нивната структура, концепција, техничка опрема; да оцени како се употребуваат во наставата по историја. А референтите имаа посебна задача да покажат како и колку учебниците со својата содржина им помогнуваат на учениците за подобро да се запознаат со минатото на својот народ, минатото на народите и народностите во Југославија и со крупните историски настани и процеси во светот. Целта беше да се оцени